# FOREVER

MACEDONIA

Февруари 2019 | Број 208

## ПОЕДНОСТАВУВАЈТЕ ВО 2019-ТА
Gregg Maughan

## БИДЕТЕ РЕШИТЕЛНИ
Rex Maughan

## НАУЧЕН КОНСУЛТАТИВЕН СОВЕТ
Запознајте го тимот на Форевер од водечки специјалисти по исхрана



# Поедноставувајте во 2019-та

**Форевер бизнисот е посебен, бидејќи секој го гледа и се радува на успесите на другите. Сите гледате „од првиот ред“ како вашите колеги напредуваат.**

Гледате како ги добиваат Chairman's Bonus чековите на Глобалното рели или менаџерските значки на сцената на Деновите на успехот. Секое важно постигнување се случува пред вашите очи.

Можеби и вие исто се стремите да бидете како сопствениците на Форевер бизнис на сцената кои добиваат награди и овации, и се чудите како тоа да го постигнете. Сите ги гледаме не само успесите, туку и напорната работа, чекорите кои ги прават секој ден за да успеат. Иако знаеме дека визијата и одлучноста се двигатели на нивните постигнувања, има уште две работи кои овие успешни СФБ ги прават многу добро. Практикувајте ги и вие оваа година.

1. **Тие го поедноставуваат својот пристап, ги разложуваат големите цели на мали чекори кои лесно се управуваат.**
2. **Остануваат активни, така што секој ден одделуваат време за својот Форевер бизнис.**

**Кои се вашите цели за 2019-та?** Ако сè уште не сте го направиле, запишете си ги и разложете ги на мали чекори кои можете да ги исполнувате секој ден.

**Колку од вас го запишале Глобалното рели во своите цели?** Ова е најзначајниот настан во годината и како што велат многу наши лидери – таму ќе го почувствувате пулсот на Форевер. Реализирањето на 1 500 б. за дванаесет месеци за да се квалификувате, може да ви изгледа недостижно или неостварливо. Затоа поделете ги барањата на мали, исполниви цели кои може да ги исполнувате секоја седмица, па дури и секој ден. Размислете што треба да направите за да постигнувате 125 бода секој месец или по околу 30 седмично.

**Колку телефонски јавувања ќе треба да правите секоја седмица?** На колку нови луѓе ќе треба да им раскажувате за нашите моќни производи? По колку часа дневно ќе треба да одделите за малите и често занемарувани задачи, кои на долгорочен план можат во основа да ги променат работите? Секоја седмица најдете време да ги надградите своите лидерски вештини и познавања за производите.

Преку целата година секој мал детал треба да е испланиран претходно и секоја задача да е впишана во вашиот календар, за да ја одбележите како завршена. Планирањето на работата и целите не е еднократна задача. Прегледувајте ги седмично. Ако во некоја од седмиците изостанете, треба да планирате како ќе надокнадите во следната.

И запомнете – вие работите за себе, но не сте сами. Одржувајте врска со канцеларијата во вашата земја и со спонзорите над вас, за секогаш да бидете информирани за настаните и обуките.

Во текот на годината Форевер прави помали, локални, сезонски промоции, кои можат многу да помогнат за развојот на вашиот бизнис и сериозно да влијаат врз вашите цели. Од дополнителни бодови за бесплатни производи и маркетинг материјали – може токму овие дополнителни бодови да ви помогнат за квалификацијата. Користете ги како корисни алатки кои ќе ве приближат кон вашата цел.

Што и да сакате да постигнете во 2019-та, ќе го направите само ако секој ден преземате дејства, дури и да се сосем мали. А на крај, ќе ја постигнете големата цел. Започнете сега и ајде да ја започнеме годината ударно.

Продолжете да се насмевнувате,

Gregg Maughan

**Gregg Maughan**





# Бидете Решителни

## Ништо што навистина вреди, не доаѓа лесно.

**Низ годините многумина ја слушнале оваа изрека безброј пати. Сигурен сум дека може да помислите на многу начини на кои ова може да се примени и во вашиот живот и во вашиот Форевер бизнис.**

Јас истото можам да го потврдам. Додека го гледаме белиот лист на новата година и знаеме што сакаме да постигнеме во неа, често се навраќам за овој цитат.

На почетокот на годината многу од нас решаваат и си ветуваат да направат нешто ново, нешто повеќе или да се по-последователни во своите дејства. Во централната канцеларија на Форевер разговаравме за нашите цели да ја споделуваме можноста за бизнис и нашите моќни производи со повеќе луѓе во светот. Забележавме што треба да направиме за да го оствариме тоа, но знаеме дека ако сакаме тоа да стане реалност, најважно е секој од нас да преземе ангажман.

Донесувањето на одлука на почетокот на годината не е само намера која треба да ја споделите со пријатели и роднини на празнично собирање или со колегите на работа, туку е нешто за кое треба да мислите сериозно, да преземете ангажман, бидејќи имате желба да направите длабока и долготрајна промена во вашиот живот.

> **ВО ИЗМИНАТИТЕ 40 ГОДИНИ ЗАБЕЛЕЖАВ ДЕКА ЛУЃЕТО ВО НАШИОТ БИЗНИС КОИ СТИГНУВААТ НАЈДАЛЕКУ, ПОСТИГНУВААТ ПОВЕЌЕ И РАСТАТ НАЈМНОГУ, НЕ САМО ШТО ДОНЕСУВААТ ОДЛУКИ, ТУКУ НАВИСТИНА СЕ РЕШИТЕЛНИ.**

Тие се посветени на постигнувањето на своите цели без оглед колку труд треба да вложат и какви предизвици треба да надминат. Тоа е вистинската разлика меѓу оние кои кажуваат дека ќе направат нешто, и тие кои навистина го прават.

Секој ден секој од нас има избор. Можеме да дозволиме нашите животи и туѓите избори да нѝ диктираат какви можности да се отворат пред нас, или можеме да вложиме труд и да направиме значајна и долготрајна промена во својот живот. Можеме да донесеме одлука или да бидеме одлучни. Од вас зависи која патека ќе ја изберете за да стигнете до вашите цели и што сте подготвени да направите за да ги остварите.

Убеден сум дека тие што ќе одлучат да се соочат со предизвиците ќе постигнат ново ниво во Маркетинг планот, ќе се квалификуваат за патување на Глобалното рели, ќе станат Менаџери ОРЕЛ или ќе го добијат првиот Chairman's Bonus чек. И како сѐ што вреди, знам дека и тоа нема да е лесно. Знам дека иако на моменти патот ќе биде тежок, наградата ќе си вреди за секој миг од патешествието кон неа!

Со нетрпение очекувам да видам што можеме да постигнеме оваа година.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**



# НАУЧЕН КОНСУЛТАТИВЕН СОВЕТ

## Запознајте го тимот на Форевер од водечки специјалисти по исхрана.

Научниот консултативен совет на Форевер се состои од три водечки специјалисти во областа на исхраната, медицината и токсикологијата. Секој од нив има повеќе од 40 години искуство и во приватниот, и во јавниот сектор. Научниот консултативен совет на Форевер ќе работи во тесна соработка со раководниот тим на компанијата и одделенијата за развој на производи, за да ја поддржи нашата мисија да го комбинираме најдоброто од природата со најсовремените научни откритија за создавањето на производи кои ви помагаат да изгледате и да се чувствувате подобро.

### **Д-р Роџер А. Клеменс,** специјалист по биохемија и нутриционист

Д-р Роџер А. Клеменс е истакнат специјалист по биохемија и исхрана. Работи како почесен предавач во програмата на Меѓународниот центар за регулаторна наука во Универзитетот во Јужна Калифорнија, каде што е исто така предавач по фармакологија и фармацевтски науки. Д-р Клеменс има диплома по бактериологија, магистерска по јавно здравје во областа на исхраната, како и докторска по нутриционизам и биохемија на Калифорнискиот универзитет во Лос Анџелес. Неговиот главен фокус е да проучува како храната, нутриентите и додатоците се апсорбираат во организмот. Неговите научни трудови се објавувани во најмалку 40 специјализирани публикации и има добиено повеќе од 70 покани да држи научни и медицински предавања, како во САД, така и во странство.
Благодарение на неговата работа д-р Клеменс го обиколил светот. Голем дел од својата кариера соработувал со држави со сериозен недостиг од храна, помагајќи им да обезбедат храна за сиромашните. Д-р Клеменс ги проучува и нутритивните потреби на организмот во секоја етапа од животот и како тие да бидат задоволени на најдобар начин, што го прави идеално дополнение на семејството на Форевер.





### **Д-р Валас Хејс,** токсиколог

Д-р Валас Хејс е познат специјалист за токсикологија. Неговото искуство е во индустријата, академската сфера и консултациите. Предава на неколку престижни универзитети, вклучително Харвард, Масачусетс и Мичиген. Одбранил магистратура и докторат на универзитетот Обурн а дипломирал на Емори. Има многубројни награди за својата револуционерна работа во областа на токсикологијата, меѓу кои од Токсиколошкото општество за особени заслуги и за исклучително лидерство од Меѓународното општество „Доза-реакција".
Д-р Хејс ќе придонесе со долгогодишното искуство во регулаторната и консултантската сфера. Работел со компании од Форчн 500, со државни агенции во целиот свет, вклучително Агенцијата за заштита на животната средина во САД. Член е на Академијата за токсиколошки науки, Кралското општество по биологија во Велика Британија, Американскиот колеџ за судска медицина и Американскиот колеџ за исхрана.

### **Д-р Питер Пресман,** доктор по медицина и истражувач

Д-р Питер Пресман е истакнат лекар и истражувач кој го посветил својот живот да им помага на луѓето. Во моментот е потпретседател за јавно здравје и исхрана на фондацијата „Дедал" во Александрија, Вирџинија. Д-р Пресман е и директор за медицински активности во „Полисајанс консалтинг" во Чатсворт, Калифорнија. Дипломирал на колеџот Боудоин, на Универзитетот во Чикаго и Медицинскиот факултет на Северозападниот универзитет, обучуван е на универзитетот на Висконсин и во медицинскиот центар „Раш-Презбитериан Сент Лук".
Како поморски лекар, д-р Пресман бил во Ирак и Авганистан, каде што бил задолжен за интерна медицина и реанимација. Тој предава интерна медицина и реанимација и вели дека за него една од најголемите страсти е   да ги обучува идните лекари. Д-р Пресман е и водечки истражувач во областа на исхраната. Неговото знаење ќе биде од големо значење во Форевер, бидејќи неуморно се стремиме кон совршенство, иновации и создавање на прогресивни додатоци во исхраната.



# Храброст за промена




**Вашата одлучност да излезете од својата зона на комфор и да започнете да правите работи за кои повеќето други луѓе и не сакаат да помислат, заслужува респект.**



***СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ***

Драги пријатели, сопственици на Форевер бизнис.

Нема подобро време од сега да си дел од најдобрата бизнис можност на светот. И нема ништо поубаво од тоа постојано да гледаме како многумина од вас работат напорно, планираат, делуваат и го менуваат својот живот. Но, несомнено највпечатлива е храброста на сите вас да се промените. Вашата одлучност да излезете од својата зона на комфор и да започнете да правите работи за кои повеќето други луѓе и не сакаат да помислат, заслужува респект. Да сте поинакви, па дури и во некоја форма „не“-нормални.

За сето тоа се бара многу решителност, посветеност и огромна желба за поразличен, поинтересен, повозбудлив и најважно од сè – поисполнет живот. Бидејќи така наречените „нормални“ луѓе не живеат вистински, туку само постојат и преживуваат. Затворени во огорченост, „зомбирани“ до безумие од серијали, реалити формати, жолтило и негативност. Во својата „нормалност“ тие секогаш остануваат бедни и несреќни во нивниот опстанок, но сепак недоволно несреќни за да посакаат промена, а не пак да направат нешто за неа. Тие постојано се жалат, но не помрднуваат и чекор подалеку од секојдневието кое ги прави да се чувствуваат лошо.




Поради таа причина ние сме горди што сме во едно семејство со сите вас кои сте приклучени кон Форевер, бидејќи сите тука сме различни, не сме нормални, веруваме во промената, решителни сме и подготвени да направиме сè што е потребно за да не го живееме животот на „нормалните“, туку да ги оствариме и своите најсмели мечти!
По тој пат ќе има многу прекрасни моменти, но сигурно ќе има и доста тешки. Но ако се придржувате на основните принципи на работа, ќе постигнете сè за што некогаш сте мечтаеле, па дури и многу повеќе. Не ја губете храброста и одлучноста да бидете различни и никогаш не се откажувајте!

Секогаш со вас,
**Тања и Стефан Стаеви**




# Aloe Propolis Creme

**Код: 051**
**113 г**

## Алое прополис крем

### ОПИС И СВОЈСТВА

Уникатниот хидратантен алое прополис крем е еден од најпопуларните во гамата на Форевер Ливинг. Тој е комбинација од стабилизиран гел од алое вера со пчелен прополис и други компоненти, познати по доброто влијание врз кожата.

Основната состојка е нашиот уникатен стабилизиран гел од алое вера, на кој е додадено пчелен прополис, за да се засилат антисептичките својства на производот. Прополисот е растителна смола, преработена од пчелите, со која ги дезинфицираат кошниците од штетни микроорганизми. Има ефикасни антибактериски, антивирусни и противпаразитни својства. Корисен е за човекот како внесуван внатрешно, така и применуван надворешно. Во производот додадовме и камилица – една од најпопуларните билки за нега на кожата. Благотворната формула ја комплетиравме со витамините А и Е, познати со природното смирувачко дејство.

Кремот со алое и прополис многу добро ја влажни сувата кожа. Пријатната миризба и богатата конзистенција го прават идеален за масажа. Се употребува при локални надразнувања како убоди од инсекти и лесни изгореници.

### ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

Нанесете обилно и втријте нежно.

- Благотворно влијание кај кожни надразнувања.
- Комбинира алое вера со прополис.
- Одлично навлажнува и омекнува.








Код: 284
142 г

# Avocado Face & Body Soap

## Сапун со авокадо за лице и тело

### ОПИС И СВОЈСТВА

Природната убавина започнува од чистата и здрава кожа. А чистата и здрава кожа започнува од природата. 40 години Форевер Ливинг Продактс е лидер во откривањето и усовршувањето на природни извори за помека, помазна и поубава кожа.

Создаден со 100% чисто масло од авокадо, сапунот на Форевер ја сака вашата кожа. Тој ја чисти и истовремено ја навлажнува со природните, подмладувачки својства на овој моќен плод. Погоден за сите типови кожа – нежно ја чисти мрсната без иритација и ги одржува порите чисти и здрави, а сувата и чувствителна кожа брзо ја смирува, длабоко продира за да ја потхрани и навлажни.

Природните својства на авокадото го претвораат во идеална храна за вашата кожа. Тоа е богат извор на важните витамини A, B, D и E. Содржи голема количина калиум кој ги доставува корисните витамини брзо и рамномерно до најдлабоките слоеви на кожата. Така кожата е идеално исчистена и навлажнета. Во авокадото има и многу мононезаситени масни киселини, кои придонесуваат за омекнување и регенерација на грубата, сува или остарена кожа. Има антиоксидантни и лековити својства – го стимулира производството на колаген, ја одржува еластичноста и помага на оштетената или проблематична кожа.

Бидејќи сапунот со авокадо на Форевер навлажнува и чисти, неговото дејство продолжува долго откако сте се искапиле. Маслото од авокадо го дополнуваат природни цитруси – мирисно и свежо потсетување дека сапунот придонесува за мекоста и еластичноста на вашата кожа преку целиот ден.

### ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

За лице и тело. Темелно исплакнете и избришете ја кожата со крпа.

- Авокадото е богат извор на витамини A, B, D и E.
- Содржи антиоксиданти кои помагаат во борбата со слободните радикали.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР

Давитков Горан

## СУПЕРВИЗОРИ

Халили Скендери Семра
Петреска Ристеска Александра
Салтировска Снежана
Ставрова Марија
Стоименовска Милена
Стојчева Мартина
Цветковиќ Јелена

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Абази Семра
2. Агаи Несрин
3. Ајнур Гаши Сарачи
4. Алексиева Ардиана
5. Алексова Наумова Катерина
6. Ангелкова Славица
7. Ангеловски Билјана
8. Ангеловски Гоце
9. Арсовска Николовска Емилија
10. Асани Мерита
11. Аврамоска Кристина
12. Бадаровска Мишевска Марина
13. Беадини Адиса
14. Бојковска Елизабета
15. Василевска Соња
16. Вета Владимир
17. Галиќ Митревски Ана
18. Георгиева Катерина
19. Даути Наиле
20. Денковска Сашка
21. Динески Марина
22. Дукоски Христијан
23. Ѓоршоска Рада
24. Ѓошевска Лилјана
25. Зафирова Виолета
26. Ибрахими Сеџане
27. Илаз Фетахи
28. Илиевска Даринка
29. Иловска Маријана
30. Исани Јехона
31. Иванов Весна
32. Јакимовска Бојана
33. Јанчев Горан
34. Јанева Тања
35. Јовановска Маја
36. Караи Јулијана
37. Кирмизи Егеста
38. Колевска Ивана
39. Костова Тијана
40. Крстиќ Дејан
41. Лазова Евис
42. Лазова Охрида
43. Лимани Рејмонда
44. Маленкова Елена
45. Марковски Роберт
46. Михајловски Добре
47. Милевски Ирена и Марјан
48. Мирческа Теодора
49. Митева Ивана
50. Митревска Билјана
51. Младенова Габриела
52. Накиќ Андреј
53. Наковска Надица
54. Нухии Недрета
55. Павловска Дончевска Сања
56. Петкова Елена
57. Петкова Силвана
58. Петковски Милан
59. Петрова Жаклина
60. Ристиќ Сања
61. Ристоми Азири Ардиана
62. Саније Бериша
63. Савовска Силвана
64. Синадиноска Весна
65. Смугреска Јана
66. Станковска Мартина
67. Станоевска Билјана
68. Ставрова Нина
69. Стефановски Дарко
70. Стојчева Снежана
71. Стојмановски Никола
72. Танчева Цветанка
73. Танева Марија
74. Трајкова Силвана
75. Цемења Рамани Виолца
76. Цветковиќ Ивана
77. Цветковска Марија
78. Шаќири Гзиме

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Стевче Јанев
Семра Халили Скендери

**Клуб 4 – ниво 2**

Димитар Коцев

**Клуб 4 – ниво 3**

Марија Левковска

## ТОП 10 за 2018

1. Др.Роза и Драган Гелевски
2. Славица Донакова
3. Др.Снежана Контра
4. Елена Гелевска
5. Жарко Георгиевски
6. Вера Златковска
7. Катерина и Методи Трајчевски
8. Блага Крстеска
9. Стевица и Александар Димовски
10. Слафко и Вера Михајловски

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза и Драган Гелевски
2. Елена Гелевска
3. Славица Донакова
4. Др.Снежана Контра
5. Горан Давитков
6. Катерина Трајчевска
7. Др.Теута Ајети
8. Блага Крстеска
9. Вера Златковска
10. Жарко Георгиевски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Елена Гелевска
2. Славица Донакова
3. Др. Теута Ајети
4. Жарко Георгиевски
5. Горан Давитков
6. Стевица Димовска
7. Фердезе Сулејмани
8. Никола Милошевски
9. Др.Роза Гелевска
10. Сухеда Ибиши

**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.